# HESP Регионален семинар за усовршување на наставата
## „Contextualizing Classics. Renewal of Teaching Practices and Concepts“

Елена Цукеска
Институт за класични студии
Философски факултет, Скопје
eldz@freemail.com.mk

Од 12-ти до 25-ти септември оваа година Одделението за класика при Факултетот за класични и модерни јазици од Софискиот универзитет „Св. Климент Охридски“ ја организираше првата сесија од Регионалниот семинар за усовршување на наставата "Contextualizing Classics. Renewal of Teaching Practices and Concepts", кој треба да трае од 2005 - 2008. Семинарот е дел од HESP програмата на Институтот отворено општество и им е наменет пред сѐ на помладите кадри кои се вклучени во наставата по класични студии на универзитетите од Источна Европа и од Балканот. Според концепцијата на организаторите освен оваа прва летна школа се предвидува да се одржат уште две летни школи во наредните три години, а во периодот од една до друга сесија да се одвиваат интерсесиски активности, проекти во кои ќе се вклучат сите учесници во семинарот.

На семинарот имаше претставници од универзитетите на повеќе источноевропски земји и од универзитетите на Балканот, имено од Русија, Украина, Молдавија, Романија, Грузија, Бугарија, Хрватска, Србија и Црна Гора.

Првиот дел од оваа прва сесија се одржа во Софија, на Софискиот универзитет, а вториот дел во местото Ѓулечица на планината Рила.

Во текот на тие две недели престој имавме можност да ги слушнеме предавањата на професорите М. Фреде од Универзитетот во Оксфорд, Англија, К. Јеродиакону од Националниот технички универзитет во Атина, Грција, Б. Ж. Шредер од универзитетот Лудвиг Максимилијан од Минхен, Германија, В. МекКарти од Кингс колеџ, Лондон, Англија, В. Димовска од универзитетот "Св. Кирил и Методиј" од Скопје, Македонија, А. в. Хоф од универзитетот Нијмеген, Холандија. Од Софискиот универзитет свои предавања одржаа професорите П. Јанева, Е. Маринова, М. Славова, Н. Гочев, Ј. Сиракова, В. Герџикова, Н. Панова, Н. Шаранков, Д. Илиев.

Програмата за работа се состоеше три модула. Првиот модул – *Теорија и практика*, имаше поднаслов *Класиката во зората на новиот милениум. Преосмислување на пристапите за изучување, академските курикулуми и стратегиите за предавање и истражување* и беше поделен во три сегменти. Во првиот сегмент *Споредба на современите курикулуми по класика* имавме можност да се запознаеме со курукулумите во Англија, Бугарија, Македонија и Германија. Но, преку дискусиите кои следеа помеѓу предавањата се запознавме и со курикулумите по класика во сите земји од кои имаше

учесници на семинарот. Во вториот сегмент *Нови пристапи кон одредени дисциплини во класичниот курикулум* стана збор за проблемите во предавањето античка философија и латински јазик. Во третиот сегмент *Разбирање на модерното општество преку класично образование* имавме можност да ги слушнеме предавањата на професорите М. Фреде и К. Јеродјакону на теми поврзани со Епиктет и предавањето на проф. А.в. Хоф за античката и модерната демократија.

Вториот модул – *Модерни технологии*, со поднаслов *Постгутенберговата ера и класичната литература. Конфигурација на нова дисплицина во курикулумот по класика* всушност му беше отстапен на професорот В. Меккарти, кој одржа предавање за тоа што с¢ може да направат компјутерите за хуманистичките науки воопшто и за класиката конкретно и одржа работилница на која имавме можност да бидеме практични учесници во неговиот проект посветен на проблемот на персонификацијата во Метаморфозите од Овидиј.

Третиот модул – Практики на предавање, *Контекстуализирање на класиката во практика: предавања и семинари* се состоеше од неколку сегменти. Во првиот *Нови практики во предавањето античка литература. Датабази на антички текстови во оригинал и превод* го слушнавме предавањето на проф. Е. Маринова во врска со модерната употреба на коментарите во предавањето класика и имавме можност да бидеме дел од работилницата на проф. Шредер, возможни начини на организирање семинар посветен на Ајнеида од Вергилиј. Во вториот сегмент *Датабази на антички текстови* беше презентиран проектот Romulus Bulgaricus, проектот Thesaurus Linguae Latinae и други проекти кои се занимаваат со изработка на разни видови софтвер за лингвистички анализи. Делот *Нови методи во предавањето класични јазици и култури* во целост му беше посветен на предавањето класични јазици преку епиграфика. Во последниот сегмент *Класичното образование и новите научни пристапи кон античкото и модерното општество* стана збор за проблемите на рецепцијата на античкото наследство и за грчката политичка мисла и европскиот устав.

Овој одлично организиран семинар од страна на домаќините во секоја смисла ја исполни својата цел. Воспоставените контакти, познанства и пријателства се од непроценлива важност за сите нас. Имавме можност да научиме многу нови работи, да се информираме взаемно и да ги размениме мислите и искуствата. Сознанието дека институтите и факултетите за класични студии секаде се соочуваат со исти или слични проблеми е добра основа да почнеме заеднички да размислуваме за нивно решавање. Останува стекнатите искуства да ги споделиме со студентите.